Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 14 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 28.12.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година**

Со Програмата се опфатени активностите на општината во 2024 година на планот на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на системи за водоснабдување на населените места и изградбата на фекални канализации во истите.

Канализација

Согласно договорот на Општина Валандово и Министерството за животна средина и просторно планирање со средства во износ од 21.167.000,00 денари обезбедени од Влада на Република Северна Македонија ќе се реализира проектот „Основен проект за дел од колектор за град Валандово, дел 1“ во Општина Валандово.

Водовод

Со средства обезбедени преку Европската Инвестициона Банка кои ги спроведува Министерството за транспорт и врски во износ од 4.325.554,00 денари и средства во износ од 2.057.383,00 денари обезбедени од Буџетот на Општина Валандово се реализира нов резервоар во с. Калково со зафатнина на мокра комора од 150 кубни метри.

Со одлука за распределба на средства донесена од Владата на Република Северна Македонија, а согласно договорот склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европстката Инвестициона Банка на Општина Валандово за проектот „Изградба на водоводен систем за с. Калково, Општина Валандово“, фаза III (изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарна мрежа доделени се средства во изност од 593.371 евра во денарска противвредност согласно средниот курс на НБРСМ. Обезбедените средства ќе се спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање.

Свои инвестициони активности на планот на одржувањето и надградбата на водоснабдителните и канализационите системи во општината со кои управува ЈП Комунален сервис Валандово, ќе има и јавното претпријатие преку реализација на Програмата за работа и развој на претпријатието за 2024 година.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков